РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 01-994/1
30. 12. 2020 год.
Валандово

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и член 36 став (1) алинеја 7 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-608/3 од 10.07.2019 година.

**Член 2**

Во глава „II. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ", членовите 11 и 12 се менуваат и гласат:

**„Член 11**

Посебни услови утврдени со Закон за инспекциски надзор, за раководните инспектори од категорија Б се:

**1) стручни квалификации за сите нивоа од категорија Б – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;**

**2) работно искуство и тоа:**

**- Б1 – најмалку шест години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку две години како инспектор,**

**- Б2 – најмалку пет години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку две години како инспектор и**

**- Б3 и Б4 – најмалку четири години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку една година како инспектор;**

**3) општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;**

**4) посебни работни компетенции за сите нивоа:**

**- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),**

**- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.**

**Член 12**

Посебни услови утврдени со Законот за инспекциски надзор за инспекторите од категорија В се:

**1) стручни квалификации и тоа:**

**- за нивото В1 – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и**

**- за нивоата В2, В3 и В4 - ниво на квалификација VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и**

**2) работно искуство и тоа:**

**- В1 – најмалку три години работно искуство по дипломирањето,**

**- В2 – најмалку две години работно искуство по дипломирањето,**

**- В3 – најмалку една година работно искуство по дипломирањето,**

**- В4 – со и без работно искуство по дипломирањето;**

**3) општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;**

**4) посебни работни компетенции за сите нивоа:**

**- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),**

**- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.“**

**Член 3**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ВАЛАНДОВО, во точка **2„Одделение за финансиски прашања и јавни набавки“** во работното место со реден број 19, шифра - УПР 01 01 В03 000, Ниво – В3, Звање – Соработник, Назив на работно место - „Соработник за водење на постапка за јавни набавки“, делот **„Вид на образование“** се менува и гласи **„Економски науки или Организациони науки и управување (менаџмент)“.**

**Член 4**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ВАЛАНДОВО, во точка **3„Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој “** во работното место со реден број 29, Шифра - УПР 01 01 В04 000, Ниво – В4, Звање – Помлад соработник, Назив на работно место - „Помлад соработник за следење и поддршка на локалниот економски развој“, делот **„Вид на образование“** се менува и гласи **„Економски науки или Организациони науки и управување (менаџмент)“.**

**Член 5**

Во глава V. ОПИС РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ВАЛАНДОВО, во точка **4„Одделение за инспекциски надзор – инспекторат“**, во работното место со реден број 30, Шифра - УПР 01 01 Б04 001, Ниво – Б4, Звање – Виш инспектор, Назив на работно место – „Раководител на одделение за инспекциски надзор – виш инспектор“, делот **„Работни задачи и обврски“** се менува и гласи:

**„- ја координира и организира работата на инспекциската служба;**

**- обезбедува услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор;**

**- обезбедува услови за стручно усовршување и специјализирана обука на инспекторите;**

**- донесува програмски и извештајни документи, вклучително:**

**а) стратешки план на инспекциската служба,**

**б) годишен план за работа на инспекциската служба,**

**в) годишна програма за специјализирана обука на инспекторите,**

**г) шестмесечен извештај за работа на секој инспектор,**

**д) месечен план за работа на секој инспектор,**

**ѓ) други документи и акти предвидени со Законот за инспекциски надзор или друг закон;**

**- обезбедува јавност во работењето на инспекциската служба.“**

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Градоначалник
Перо Костадинов